

**Јосиф Пречистански**

Јосиф Пречистански (1.02.1870 – 4.01.1903) е духовник и македонски револуционер, претседател на Кичевскиот околиски комитет на Македонската револуционерна организација. Тој бил организатор на револуционерно движење во кичевскиот. Крушевскиот и дебарскиот регион. Истовремено собирал народни умотворби и ги објавувал во цариградскиот весник „Новини“. Македонскиот народ во ѓаконот со пушка гледал како на светец  и многу му верувал.

Јосиф Пречистански е роден како Иван Николов Иванов на 1 февруари 1870 година во градот Крушево. Првото образование го добил од таткому Никола Иванов кој бил учител во градот. Потоа образованието го продолжил во Солунската гимназија. За него се грижел Козма Пречистански, кој во тоа време бил на служба во Солун. По завршувањето на 5-тиот клас во Солунската гимназија го напуштил Солун поради болест и станал учител во кичевскиот манастир „Света Богородица Пречиста“.

Во 1888 година, Иван Николов Иванов се замонашил под името Јосиф, а во 1890 година станал ѓакон. Во душата бил вистински поет кој го сакал својот народ. Тој ги собирал народните умотворби од кичевскопт регион главно гатанки, преданија и легенди, пословици, карактеристични зборови, една беседа од презникот Цветници против суеверието и др. Јосиф Пречистански за да го зачува овој дел од македонското културно наследство од заборавот, од 1890 година ги објавувал во цариградскиот весник „Новини“,.

Јосиф Пречистански никогап не го напуштал без потреба манастирот „Света Богородица Пречиста“ кој многу го сакал и кој бил многу важен за македонското дело. Македонскиот народ многу му веруваше на ѓаконот Јосиф, на кого гледаше како на светец.

Јароѓаконот Јосиф имал големи заслуги за македонското национално-ослободително движење во кичевскиот, крушевскиот и дебарскиот регион. Уште во 1894 година Јосиф Пречистански бил вклучен во револуционерната организација од страна на Атанас Лозанчев. Тој беше негов прв активист во кичевскиот регион и организатор на револуционерно движење. Во 1896 година го основа и раководи со првиот окружен комитет во Кичево

Јосиф Пречистански и поп Стефан со пушка во рака му давале пример на народот како треба да се бори за слобода. Во октомври 1897 година, Јароѓаконот Јосиф помогнал во организирањето на првата чета на Македонската револуционерна организација во реонот на кичевско на чело со војводата Дуко Тасев, во која уште биле Јордан Пиперката, Никола Геројски и Јанаки Јанев. Ваква чета основал и во Дебарско.

Во 1899 година властите го уапсиле и затвориле една година и еден месец заедно со Лука Џеров, свештеникот Тома Николов, Славејко Арсов, свештеникот Стојан од истиот манастир и околу 12-13 други лица. Тие биле предадени од шпионот по име Јане и поминале 8 месеци во затворот во Кичево и уште 5 месеци во затворот во Битола.

По излегувањето од затворот, се вратил во Крушево и станал член на окружниот комитет.

Јосиф Пречистански умрел млад од туберкулоза на 4 јануари 1903 година во својата ќелија во манастирот „Света Богородица Пречиста“, додека работел на документи на Македонската револуционерна организација. Долго време по неговата смрт од колено на колено се пренесувале преданија за него.